# БИБЛИОТЕКАРСТВО

ВОЛУМЕН 25 (2007) • БР. 1 • СКОПЈЕ 2008

ISSN 1409-9357



БИБЛИОТЕКАРСКО ДРУШТВО НА МАКЕДОНИЈА

*Почитувани,*

Најсрдечно ве информираме дека и покрај финансиските тешкотии, списанието "Библиотекарство" континуирано излегува од печат.

Пред вас е најновиот број исполнет со разновидни содржини од библиотекарската теорија и практика со надеж дека ќе ги исполни вашите очекувања, желби и потреби за нови сознанија од областа на библиотекарството.

Редакцискиот одбор на списанието "Библиотекарство" ги разгледа пристигнатите текстови и го оформи истото содржински и тематски.

Редакцискиот одбор ги поканува и понатаму сите заинтересирани автори и колеги од областа на библиотекарството активно да придонесуваат за збогатување на содржините на списанието "Библиотекарство".

*Од Редакцијата*

# СОДРЖИНА

Библиотекарот како менаџер на знаење ........ 5

Библиотеката и книгата како средство и канал за (по)успешна комуникација со корисниците ........ 8

Електронска читална - училница - Дигитален клуб во јавната општинска установа градска библиотека "Борка Талески" - Прилеп ........ 11

Од читалиште до Национална установа - библиотека "Гоце Делчев" Штип ........ 14

За секој ученик по пет книги ........ 17

Библиографија на статии и прилози во НУБ "Св. Климент Охридски", библиографски центар – Скопје ........ 19

Оперативно планирање и оперативни функции во библиотеките ........ 22

Маркетинг и менаџмент на библиотеките во светлото на новиот век ........ 26

Финансиски менаџмент во библиотеките и информациските центри ........ 27

Библиотеки на свештени лица во Тетовско во 19 и 20 век ........ 30

Конференција COBISS 2007 "COBISS– поддршка на интеркултурниот дијалог" ... 34

IN MEMORIAM - Костадин романов ........ 36

**УДК 023.5**

# БИБЛИОТЕКАРОТ КАКО МЕНАЏЕР НА ЗНАЕЊЕ

д-р Сузана Котовчевска

Клучниот концепт на денешното општество е управувањето со знаењето, а аналогно на тоа, основниот економски ресурс повеќе не се капиталот, ни природните богатства, ни трудот, туку тоа е и ќе биде знаењето. Денес кога економијата на информации се трансформира во економија на знаењето, недвосмислено се наметнува прашањето за идниот профил на библиотекарите, нивото на нивното образование, професионалното воспитување, етичкиот кодекс и севкупните негови лични квалитети.

Во документот "Компетенции на специјалните библиотекари во дваесет и првиот век", објавен во 1996 година од стручното здружение во САД - Здружение на специјалните библиотеки (Special Libraries association), наброени се стручните знаења и вештини што е неопходно да ги поседува информацискиот професионалец во новиот век.

Како основни компетенции значајни за библиотекарите во ерата на информациското општество се потенцирани следните:

- настојување од библиотекарот да нуди квалитетна услуга и постојано да бара повратна информација од корисникот за квалитетот на понудената услуга;
- своето знаење несебично да го дели со своите колеги;
- да не се отстапува пред современите предизвици предизвикани од воведувањето на новите информациски технологии во библиотеките;
- преземање на активната улога во струката со разбирање на текот и целината на збиднувањата во својата установа;
- да "склопува" партнерство во библиотеката и надвор од неа, со други библиотеки, издавачки куќи, набавувачи и продавачи на информациски услуги и слично;
- активно вклучување и подобрување на квалитетот на услугите и службите што ги дава библиотеката;
- создавање на атмосфера на меѓусебно почитување и доверба во матичната институција, но и пошироко;
- да поседува добри комуникациски способности;
- да поседува дарба да ги слуша другите со цел да им помогне во изнаоѓање на најоптималните решенија;
- да може јасно и со ентузијазам да ги презентира идеите и да говори со едноставен јазик;
- текстовите што ги пишува да бидат јасни и разбирливи;
- да поседува способност- за тимско работење, подготвено да ја преземе одговорноста и да им биде ментор на другите (а понекогаш и обратно);
- мора да го презема водството со истовремено признавање и вреднување на придонесот на своите колеги;
- да има способности за добро планирање и прецизно да го утврдува редоследот на поставените цели;
- непрекинато да врши подобрување на своите претприемнички вештини;

• да биде подготвен за активно и кооперативно учество во разни краткорочни и долгорочни проекти;

• да биде "програмиран" за доживотно учење и да создава предуслови за трајно учење и наобразба;

• да ги почитува и да ги развива вредностите на стручната солидарност и поврзување;

• да биде флексибилна личност, подготвен да презема различни одговорности во различно време, да изнаоѓа решенија и да им помага на другите во оформувањето на идеите и решенијата со давање на вистинската информација.

За комплетирање на личноста на библиотекарот, покрај овој импресивен збир на посакувани човечки особини, мора да му се придодаде и квантумот на знаења и вештини што ќе мора да ги стекне во процесот на образованието.[1)]

Во следниот период сé повеќе и повеќе се зголемува потребата на библиотекарите од совладување на информациската писменост. Логично е во следниот период од информациските стручњаци да се очекува и повеќе знаење и повеќе вештина отколку од другите струки. Библиотекарите во иднина ќе бидат сé повеќе врзани за набавката, обработката, складирањето и користењето на електронската граѓа. Исто така, од нив многу ќе се очекува да им помагаат на стручњаците од другите струки во пронаоѓањето на потребните извори и да им овозможуваат на корисниците пристап до различни информации, односно да управуваат со знаењето.

Ако управувањето со знаењето се дефинира како "дисциплина што го промовира и го интегрира пристапот кон идентификација, пронаоѓање, вреднување, давање на користење и задоволување на сите информациски потреби на претпријатијата", веднаш можеме да констатираме дека тоа може да биде и дефиниција за новата улога на библиотечната наука во општеството. Аналогно на тоа, следи и заклучокот дека библиотекарите во новиот век ќе бидат управувачи (менаџери) на знаењето покрај тоа што во свеста на луѓето најчесто се поврзуваат со книгите како хартиени носители на знаењето. Но и покрај овие традиционални проекции, сепак во современите општества почнува да пробива ставот, односно почнува да заживува перцепцијата на библиотекарите како менаџери на знаењето.

Со цел уште попрецизно да ја елаборираме ова нова кованица за библиотекарите на новиот век, ќе ги презентираме и основните цели на управувањето на знаењето што ќе бидат водичи во исто време за нивното идно работење и функционирање.

Во основните цели спаѓаат:

• да се испорача сето знаење што му е потребно на корисникот за да ги постигне своите цели;

• на место, во време и на начин на кој корисникот го бара (го посакува) тоа;

• каде - секаде каде што постои мрежа;

• кога - 24 часа, 7 дена во неделата;

• како - во облик на хартија, електронски книги, формати PDF, HTML.

---

[1)] Види поопширно: SLA Competencies for special librarians of the 21-th century. http://www.sla.org/professional/comp.htm1.30.05.1998.

Овие цели ќе се трансформираат во императиви за библиотекарите во наредниот период. Од нив, односно од нивното спроведување или неспроведување ќе зависи нивната иднина и нивниот статус. Во спротивно, нивната професија ќе биде заменета со новата "менаџери на знаењето", додека за нив ќе биде резервирано само местото, односно делот од работата поврзан за хартиениот облик на информациските извори.

Ако библиотекарите и библиотеките дозволат да го "изгубат чекорот" со современите тенденции во оваа сфера, како што им се случуваше тоа повеќепати низ историјата, работите за кои тие се најквалификувани ќе ги преземат другите комерцијални фирми. За илустрација, првиот "пораз" тие го доживеаја во триесеттите години на минатиот век кога потребата за брзи апстрактни служби во областа на медицината и природните науки доведе до формирање на сервисите за апстракти како што се MEDLARS - денес MEDLINE (за областа на медицината), Chemical Abstracts, а потоа и многу други, чии производи библиотеките и денес многу скапо ги плаќаат место тие да наплаќаат. Вториот пат тоа се случи кога потребата за брзо создавање на каталошки записи достапни онлајн стана дејност на OCLC, за што библиотеките сега повторно плаќаат за услугата за преземање записи.

Ако библиотеките не се трансформираат бргу, со цел експедитивно да ги задоволат нараснатите потреби на корисниците, односно ако ја изгубат и последната "битка", со тоа што и рефералната дејност им ја препуштаат на машините за пребарување и на фирмите од типот AskJeeves, библиотеките ќе ја изгубат и последната функција што е ексклузивно врзана за нивната дејност. Во оваа најлоша варијанта, за нив и понатаму ќе биде резервирана само традиционалната функција за чување на книжниот библиотечен материјал. Значајно е да констатираме дека електронските документи сé повеќе се чуваат главно (првенствено) на големите сервери на издавачите или на другите институции, а сé поретко на серверите што заеднички ги одржуваат конзорциумите на библиотеките.

Единствена опција, односно единствено можно излезно решение што се наметнува пред библиотеките е нивната брза трансформација и приспособување кон потребите на корисниците во новото време кога знаењето во целост станува најзначаен економски ресурс. Нивната предност ќе биде интензивната меѓусебна соработка што е издигната на ниво на значајна вредност и традиција на библиотекарите од целиот свет, како и целосна примена на принципот за универзална достапност на публикациите. Според општоприфатените кодекси, библиотекарите се обврзани на сите корисници да им овозможат непречено користење на бараните информации и публикации на најдобар можен начин.

Во остварувањето на овој "универзален принцип", библиотекарите во остварувањето на својата благородна функција не треба да прават сегрегација на корисниците според нивната раса, пол, националност и сите други разлики. Во "списокот" на излезни решенија е и идејата на професорот Дилон за соработка во изработка на заедничка презентација на светските библиотеки, односно создавање на заеднички портал, т.е. водич низ Интернет. Многу библиотеки во светот ја прифатија оваа идеја и ги почнаа активностите за нејзина реализација, самостојно или во рамките на постојните конзорциуми.

Првите резултати на ова поле се веќе видливи, што говори дека библиотеките почнуваат да фаќаат чекор со предизвиците на новото време.

УДК 028.2
021.2

# БИБЛИОТЕКАТА И КНИГАТА КАКО СРЕДСТВО И КАНАЛ ЗА (ПО)УСПЕШНА КОМУНИКАЦИЈА СО КОРИСНИЦИТЕ

Виш библиотекар, Јелена Петровска

*"Светот е книга:*
*оние што не патуваат секогаш читаат само една страница."*
*св. Августин*

клучни зборови : комуникација, библиотекар, информација,читање

Книгата е средство за рекреација, сопатник, најинтерактивен од сите медиуми, а во комуниколошка смисла таа е носител на пораката, партнер што е секогаш подготвен да комуницира со вас.

Читањето и пишувањето, пак, се најдобрите техники на сите времиња што ги отворија вратите на најдобрите човечки потенцијали, а професијата библиотекар стана лесно препознатлива.

Иако последниве години приматот во информациска смисла го презедоа разни електронски медиуми, книгата како трпеливо да беше скриена некаде тука меѓу нас, помалку заборавена, но демнееше со истиот оној жар со кој и нашите просветители ја носеа во своите пазуви. Со големите предизвици и промени што особено се чувствуваат во библиотечното работење, таа несопирливо заживува и по којзнае кој пат станува место за доверлива средба, средство со кое се чуваат националните богатства и се уриваат јазичните бариери.

Дека книгата може да биде и добро продаван производ, но и медиумска атракција, зборуваат и начинот на презентирање повеќе книги во Македонија и осмислената политика на поголемите издавачки куќи. Пред неколку години можеби најмаркантен пример е успехот на романот “Тунел” на Петре М. Андреевски, кој беше многу рекламиран од сите медиуми, а во Скопје за прв пат беа изготвени и билборди со ликот на авторот. Се добиваше впечаток дека кај нас конечно и книгата заседе свое место во шоу-перфомансот. И тоа така и треба да биде. Писателите треба да бидат почитувани и популарни во своите држави и само на тој начин книгата ќе го најде и својот “потрошувач“.

Во светот многу поголема медиумска ѕвезда, речиси мегахит, станаа книгите од серијалот на Џ.Ф. Толкин “Господарот на прстените”, “Кодот на да Винчи” и други, а снимени се и низа филмови што неретко ја добиваа престижната награда “Оскар” на Американската академија за филмски уметности.

Гинисов рекорд по бројот на посетители на перфомансот на книгата или најмногу читатели на едно место направи англиската писателка Џоан К. Роулинг со нејзините четири книги за Хари Потер. Тој лик стана синоним за успешноста на еден писател на сите континенти. Стана универзален јазик на комуникацијата помеѓу читателите од сите возрасти насекаде на земјината топка.

Токму затоа библиотеките мораат постојано да ја наметнуваат книгата како еден од основните и многупотребните канали на комуникацијата.

**Каде одат читателите или тема за домашна работа: комуникацијата и судбината на библиотеките**

Денес, можеби повеќе од кога било, се зборува и се обрнува соодветно внимание кон изнаоѓање соодветни форми што ќе ги вратат читателите кон книгата и ќе ги задржат оние постојните. Библиотекарите се ставени во функција да изнаоѓаат секогаш нови и сè покреативни содржини за да можат успешно да ја остварат комуникацијата со читателот.

Престојувајќи во Канада, бев изненадена од користењето на библиотечните услуги од луѓето со кои интензивно се дружев. Имено, сите тие (а повеќето беа луѓе-доселеници што секојдневно се бореа за опстанокот на своето семејство) значителен дел од своето слободно време поминуваа во локалните библиотеки и во читалните од отворен тип како што се "Chapters", специфични читални што беа снабдени со илјадници книги и сликовници од секаква област и за секоја возраст. Одржливоста на читалниците се сведуваше главно од продавање актуелни наслови од сите области, како и на веќе искористениот (или прочитаниот) библиотечен материјал и тоа по мошне пристапни цени. Само мал дел од рекламниот материјал, вешто изготвен и осмислен од повеќе здруженија, се продаваше по релативно повисоки цени. "Chapters" се, пред сè, пријатни места за дружење каде што доаѓаат и оние во поодминати години со своите внуци, мајките со помали деца, адолесценти и сите оние што уживаат во пријатно наместен простор со исклучително љубезен персонал.

Исто така имав можност да ја посетам и една од најмодерните и најфункционалните библиотеки во овој дел од Европа - виенската Хауптбухерај (Hauptbucherei) библиотека, во чија изградба (2003) е вложена сума од фантастични 30 милиони евра. Корисниците имаат на располагање најсовремени апарати за пребарување, за самозадолжување со библиотечниот материјал, прекрасна концертна сала, како и место за учење дури на самиот покрив од библиотеката што беше функционално приспособен кон корисниците на библиотеката.

Она што остава најголем впечаток се библиотекарите што се постојано тука некаде, блиску до вас, да ви помогнат во вашето барање, но и да комуницираат со вас на непосреден и мошне срдечен начин. Исто така, големо внимание се посветува на најмалите, при што тие со или без родител "живеат" во светот на книгата комуницирајќи на сосема невербален начин. Споредувајќи ги овие форми на комуницирањето во библиотеките во развиените земји и кај нас, секако дека чувствуваме по малку резигнираност. И со право.

Нашите библиотеки се уште се недоволно приспособени кон читателите, а општо земено и општествената клима оди во прилог на сè помал број читатели.

Но, како еден од најголемите проблеми е **проблемот во комуникацијата** или современиот пристап кон читателот, кој мора радикално да се смени. Библиотекарот треба, пред сè, да поседува изразито чувство и љубезност кон корисниците, а посебно кон најмладите. Библиотеките треба да претставувуваат пријатни места каде што со радост ќе доаѓаме нешто да научиме, но и квалитетно да поминеме дел од слободното време.

Со оглед дека 21 век е преоптоварен од информации, библиотеките ќе имаат улога и на систематизатори и банки на информации што ќе бидат достапни најчесто како бази на податоци, но и како темели на науката воопшто.

"Изборот на книга е сериозна работа, како избор на пријател. Одговорни сме за тоа што читаме, како што сме одговорни за тоа што работиме."[1]

Тоа е недвојбено судбина на идните библиотеки.

**Место заклучок: Потребата на човекот за согласност со себе и со околината или копнежот по фини нешта и хармонија во животот**

Тргнувајќи од реалноста за постоењето и осознавањето на сопствената личност, секогаш стремејќи се кон преобразбата на сопственото битие е она што катадневно го правиме само со една цел: да се постигне **внатрешна калокагатија**.

Детството од кое сите доаѓаме како од некоја далечна земја, земја каде што розите се раѓаат заедно со сонцето (Антоан де Сент Егзипери, "Малиот принц") и каде што човекот го гледа со срцето и она што е невидливо за очите, ја носи пораката.

Интраперсоналната комуникација го става човекот во позиција постојано да се преиспитува себеси во однос на комуникацијата со околината. Зад нас се десетици, илјадници зборови и лица, тие се оние лица со кои сите ние излегуваме пред себе и пред светот. И стоејќи така, пркосејќи му на времето, со "ѕвездено небо над нас и со штитот од злато пред нас и на штитот да му се случи она што на човекот не може; да проживее не штедејќи го златото на своето месо, своите мисли, чувства и доживувања, не чувствувајќи ни делче од тоа што е најдобро во нас и на пропаста недостапно..."[2]

И што му треба на човекот. Хармонија и согласие во себе за да може полесно да ја види светлината на крајот од тунелот.

Но сето она што можеме да го научиме од книгите и од луѓето е дека внатрешното согласие е единствено можно ако поседуваме длабоко внатрешна потреба и емпатија да го сослушаме другиот. Тој ДРУГИОТ ја носи пораката. ТОЈ е оној што ни овозможува идеална рамнотежа на нашиот дух и како пајакот од "Папокот на светот" ги ткае копнежите по фини нешта на вечната животна престилка. Животна патека ... Патека на вечните библиотеки...

Литература:


1. Brofi, Piter, Biblioteka u dvadeset prvom veku, CLIO, 2005, Beograd
2. Големан, Данијел, Емоционална интелигенција, Геопоетика, 1999, Београд
3. Gorman Michael, Postojana knjižnica, HKD, 2006, Zagreb
4. Lee Blaine, Moć principa, Privredni pregled, 2001, Beograd
5. Muhić Ferid, Štit od zlata, IP Tabernakul, 1991, Skopje
6. Narodna knjižnica, IFLA-ine I UNESCO-ove smjernica za razvoj službi i usluga, HKD, 2003, Zagreb
7. Петковски Константин, Водството и ефективната комуникација, АД Киро Дандаро, 2000, Битола
8. Петровски, Добри, Трансформација на библиотеките во Р. Македонија, ДНУ, 1996, Битола
9. Тоновски Ѓорѓи, Светот на комуникацијата, Институт за истражување на туризмот, 1999, Охрид
10. Hedžis, Burk, Čitanjem do bogatstva, Finesa, 2005, Beograd
11. Чокревски Томислав, Жоглев Златко, Комуникации, односи и иницијативи (скрипта за интерна употреба), Универзитет Св. Климент Охридски, 2003, Битола


[1] Burk Hedžis, Čitanjem do bogatstva, Beograd, 2005, str. 129

[2] Muhić Ferid, Štit od zlata, IP Tabernakul, 1991, Skopje, str. 11

**УДК 027.022:004.7 (497.775)**

# ЕЛЕКТРОНСКА ЧИТАЛНА - УЧИЛНИЦА ДИГИТАЛЕН КЛУБ
## во Јавната општинска установа Градска библиотека "Борка Талески" - Прилеп

Виш библиотекар, Благица Илијоска

Клучни зборови: Информации, библиотечни корисници, едукација

Значаен исчекор во планирањето и унапредувањето на дејноста јавната општинска установа Градска библиотека "Борка Талески" од Прилеп (во понатамошниот текст: библиотеката) гледа во развојот на менаџментот и користењето на современа информациска технологија што овозможува целосна автоматска обработка на книжните фондови, бројот на корисниците на библиотечните услуги, меѓубиблиотечно мрежно поврзување и користењето интернетска конекција.

Западна Европа многу одамна зачекори во "дигиталното доба", во кое доаѓа до енормно зголемување на квантитетот на информации, во сите сегменти на човековото дејствување. Сите тие информации се креирани во електронски облик, а за тоа е потребен посебен пристап и обработка. Иако Интернетот допре во многу приватни домови и на работните места, сепак, компјутерската работа и пребарувањето во библиотеката има многу поголема предност во однос на куќната и на канцелариската варијанта, пред сè, изразена со брзиот проток на информации (повеќепати побрз проток во однос на модемската врска), потоа во квалитетот на компјутерската опрема, стручната помош, како и комфорното сместување. Во библиотеката постои и специјална можност за вмрежување на приватни лаптоп-компјутери.

Модерна Европа сфатила дека мозокот на државите се библиотеките и затоа препорачува брза, комплетна компјутеризација и дигитализација, а со тоа, всушност, се постигнува трансформација на јавните библиотеки во современи информативни центри или во центри за доживотно образование, а колку пообразовани луѓе, толку поголема култура, поголема демократија.

Развојот на "дигиталното доба" предизвика длабоки промени во библиотечното и информативното опкружување. Главната карактеристика на информатичкото општество е дефинирана како "променет поглед" на значењето на информативната улога; зголемување на бројот на информации што се моментално достапни; разни носители на информации; големината и континуираниот пораст на информациските сектори во модерната економија; брзината на технолошките промени и влијанието на современите технологии.

Сето тоа подразбира дека библиотеките и библиотекарите треба да бидат подготвени да се соочат со новите предизвици и да изнајдат начини да ги управуваат промените.

Промените во информациско-комуникациската технологија создадоа кај библиотекарите потреба да воведат иновации и да се ориентираат кон задоволување на потребите на корисниците. Со развојот на електронските и дигиталните колекции библиотеките се трансформираат; нивниот делокруг сега се свртува од физичкиот

ентитет со разни процеси до "виртуелни библиотеки". Библиотеките се должни да обезбедат поддршка и обука за корисниците. Корисните извори на информации се селектираат на Интернет и така се организирани да им бидат лесно достапни на корисниците. Библиотеките имаат огромна колекција извори на интернетски страници што ја одржуваат професионални кадри, а библиотекарите се исто така обучени да предадат широки знаења од одредени области.

Во ЈОУ Градска библиотека "Борка Талески" - Прилеп, на 10 октомври 2007 година, градоначалникот на Прилеп, г. Марјан Ристески, свечено ја отвори електронската училница и читална - дигиталниот клуб за потребите на континуирано образование на населението.

Во реализацијата на оваа активност партнери беа:

· Фондацијата "Метаморфозис", која ја финансираше техничката опрема (ИКТ-опремата) од 6 компјутери со висока конфигурација, со печатач и скенер;

· Локалната самоуправа на општина Прилеп, која го финансираше поставувањето на дополнителната електрична инсталација, компјутерската мрежа, ИКТ-обуките и промотивните активности;

· Фондацијата за развој ИТ - ИТЦ - Прилеп, која ги организира ИКТ - обуките и обезбеди предавач, наставни програми и материјали;

· Јавната општинска установа - Градската библиотека "Борка Талески"-Прилеп, која обезбеди интернетска конекција и се грижи за тековното одржување и за трошоците за работа.

Сите програмски активности водат во насока на премостување на "дигиталниот јаз" и на обезбедување побрз економски и социјален развој со примена на информациските и комуникациските технологии.

Во новата електронска читална се одржуваат курсеви, работилници, предавања и презентации за околу 200 курсисти во рамките на разни видови едукација.

Со програмата на обуката се врши обука за користење на оперативниот систем Linux-Ubuntu, канцелариски пакет Open Office.org. и Интернет (Mozilla Firefox).

Во новиот простор на корисниците бесплатно им стојат на располагање и следните услуги:

· пребарување во заемната библиографско-каталошка база COBISS. MK;

· пристап во базите EBSCO, CUP, DUP, SAGE, IOP;

· пребарување во локалната база на библиотеката;

· пребарување на Интернет и на сите информациски извори електронски достапни преку мрежата на МЕБ;

· користење на сите програми од програмскиот пакет Microsoft Office

· користење на електронски публикации (компакт-дискови);

· пристап до веб-страницата на библиотеката.

Со посебен надомест корисниците можат да ги користат и следните услуги што се пропишани во правилникот и ценовникот за користење на услугите во електронската читална:

· скенирање граѓа од фондовите на библиотеката;

· скенирање граѓа надвор од фондовите;

· печатење на материјали без слики, во црно-бела техника, на ласерски печатач;

- печатење на материјали со слики, во црно-бела техника, на ласерски печатач;
- режење компакт-дискови - ЦД-Ром.

Поради големиот интерес на корисниците, користењето на електронската читална за сега е ограничено на време од еден час.

На пултот за издавање книги во одделот за возрасни, каде што се пријавуваат корисниците, им стои на располагање библиотекар-информатор за давање стручна помош, за што подобро задоволување на сите потреби и барања на корисниците.

Електронската читална во библиотеката е идеално место, кое нуди голем број активности и услуги, овозможувајќи пристап до информациско - комуникациската технологија, на жителите во заедницата им дава можност за подобрување на нивниот социјален и економски развој. Нејзината мисија е обезбедување едукација и пристап до електронски сервиси (Интернет, електронска пошта и др.), како и промовирање идеи за позитивно ширење на информациските технологии меѓу луѓето, без разлика на нивната возраст и потекло.

Ценам дека го оправдува своето постоење и не смееме да заборавиме дека библиотеките и во иднина ќе бидат значаен фактор во развитокот на општествениот и стопанскиот капитал. Со поголема соработка со стопанските гранки и нудење релевантни информации, библиотеката целосно ќе ја исполни својата мисија, со што ќе придонесе за подобро функционирање на глобалното информациско општество.

Со функционирањето на електронската читална, библиотеката стана мост меѓу традиционалните информациски инструменти и новите современи медиуми, со што се овозможи меѓусебно надополнување и комплетно задоволување на потребите на корисниците.

Денес библиотеката е единствена јавна институција во градот што нуди можности за увид во другите култури и начини на живот бидејќи им овозможи на своите корисници да користат топла и удобна просторија, книги, списанија, дневен печат, аудиовизуелни и електронски материјали, со што непознатите информации им ги направи достапни на граѓаните.

Реализирајќи ги своите определби ЈОУ Градска библиотека "Борка Талески" - Прилеп, стана централен форум каде што локалните граѓански активности се соединуваат и дејствуваат во духот на развитокот на демократската заедница.

**SUMMARY**

**ELECTRONIC READING ROOM - CLASS ROOM - DIGITAL CLUB**

In our Public Institution - City Library " Borka Taleski" - Prilep, a new electronic reading room was established with 6 personal computers of high configuration, printer and scanner.

The equipment is a donation from "Metamorphosys" foundation.

The arrangement of the premises was financially supported by the local government, while for the training courses of the citizens, the Informative center - Prilep, is responsible.

By putting into operation of this Electronic reading room, the City Library becomes a modern informative center or more exactly a center for lifelong education, because the more educated people you have the higher democracy rules.

УДК 027.022 (497.731) (091)

# ОД ЧИТАЛИШТЕ ДО НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА БИБЛИОТЕКА "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ШТИП

Блага Спиридонова
Редактор на каталошки записи на монографски публикации
Национална установа библиотека "Гоце Делчев" - Штип

Уметноста е поголема од зборот, од теоријата, таа не се прекажува, таа се гледа, се слуша, се чита, се доживува, но сепак на крајот останува пишаниот збор, за оние што сакаат да се сетат, за оние што чуле, а не дочуле, за оние што не знаат и не слушнале да дознаат, да научат.

Во 1872 година со доброволна помош на месното население од град Штип е отворено читалиште со единствен свој статут во кој однапред се утврдени целите и задачите на читалиштето.

Поради потребата од едно такво културно-просветно издигнување на населението, новоформираната власт, пак, во 1945 година решила да формира градска библиотека во Штип. Покрај подарениот книжен фонд од месното население, библиотеката била претплатена и на три дневни весници: *Нова Македонија, Борба и Политика.* За многу краток период библиотеката собрала книжен фонд од 1000 томови книги.

Библиотеката почнала да работи со едно вработено лице, кое извршувало работни задачи: комплетирање, обработка и користење на книжниот фонд. Наскоро е формиран и библиотечниот центар за афирмација и популаризација на книгата во општината. Како резултат на активностите се формираат подрачните одделенија на Народната библиотека во руралните населени места: Карбинци, Радање, Аргулица, Лесковица, Драгоево и Крупиште.

Со промените на административната поделба, библиотечниот центар се укинал и ингеренциите ги презела Градската библиотека, од друга страна, пак, се судрила со финанската политика, од што произлегло затворањето на подрачните одделенија во руралните населби.

До март 1956 година одделенијата за деца и за возрасни биле заедно. Во 1960 година, со одлука на Собранието на општина Штип, библиотеката е прогласена за матична институција за општинското подрачје.

Библиотеката се судрила и со просторен проблем. За многу краток период се селела шест пати во несоодветни простории, со што е занемарено стручното организирање и зачувување на книжниот фонд. Вработените се заложиле и во 1972 година на Општествената заедница го поставиле прашањето за просторното решение на библиотеката.

На 04.05. 1978 година е предаден во употреба новиот наменски објект од 1860 квадратни метри. Во него се сместени: Одделението за литература за деца со две читални; Одделението за литература за возрасни со две читални и четири кабинети за научноистражувачка работа; Одделението за музикалии со задолжителен примерок; Одделението за подврзување и заштита на книжниот фонд; Одделот за техничка и стручна обработка на библиотечниот материјал и други простории за административно работење.

Покрај тоа што книжниот фонд целосно бил технички и стручно обработен, формирале задолжителни библиотечни каталози: азбучен, според авторот и азбучен според насловот за детскиот книжен фонд; азбучен и стручен според УДК за книжниот фонд за возрасни и основен каталог за целокупниот книжен фонд.

Меѓу првите библиотеки во Република Македонија во Народната библиотека "Гоце Делчев" - Штип е оформено роднокрајно одделение, во кое во 1978 година се евидентирани повеќе од 400 библиотечни единици. Потоа е отворено одделението за странска литература, кое располага со монографски публикации, периодика, видеокасети, аудиокасети, ЦД- ромови, како и одделот за книжниот фонд од раритетна вредност.

Потребно е да се соберат компаративни и точни податоци за состојбата, фондовите, услугите и помагалата во библиотеката, како и за кадрите што работат во неа. Следниот чекор бил преземање на практични мерки за подобрување на работењето, со што би се подобрила општата состојба во библиотеката. Голема пречка за подобрување на состојбата во библиотеката претставуваат застарените законски прописи. Покрај многуте приоритети, вклучена е изработката и донесувањето на нови легислативи.

Иако спаѓаме во редот на држави со ниска компјутерска писменост и комуникациска инфраструктура, која во последно време е во подем, по малку парадоксално може да звучи често повторуваната синтагма давана од оние понапредните дека наспроти тивкото и мачно развивање на новите технологии и нивната примена, можен е и скок, односно да прескокнеме некое скалило од овој еволутивен процес.

Стекнувањето со нови знаења е процес што во библиотеката полека навлегува во текот на секојдневната комуникација на библиотекарот и корисникот, како и нивната заемна комуникација.

Како најистакната библиотека во источниот регион во рамките на матичната дејност, во отсуство на школи за библиотекарство, организира семинари и курсеви на кои се совладуваат меѓународните стандарди за стручна и содржинска обработка на библиотечниот материјал.Со текот на изминатите години и образовната структура се изменува. Сето тоа придонесува задолжителните каталози да се осовременуваат со сознанија, промени и барања во меѓународните стандарди и примена на современата информативна технологија и техника.

Живеењето во дигитална деценија во почетокот на 1998 година наложи да се изготви проект за автоматизација на библиотеката, кој беше и прифатен од ИООМ (Институт Отворено општество - Македонија) и е набавена опрема: 1 сервер АЛФА; 10 ПС (работни станици); 10 ласерски печатачи во боја: скенер, модем и друга придружна опрема. Со ова се овозможени градење локална мрежа во рамките на библиотеката и услови за автоматизација на обработката на библиотечниот фонд.

Свесни сме дека нешто се движи, дека во светот на библиотекарството работите не се исти, дека се движиме кон информатичката технологија или таа неканета се приближува кон нас, но сепак ја чувствуваме. Овој одек може да се почувствува и на нашите простори, па и во нашата библиотека. Иако мачно, со напор и некако на споредна врата, сепак се автоматизиравме во 2003 година (се приклучивме во системот COBISS). Познавајќи ја старосната структура на библиотечниот кадар кај кој не е особено популарно експериментирањето и промената на навиките, ги совладавме тие бариери.

Министерствата за култура и за образование и наука ја согледаа потребата за реагирање на овој како што го нарекуваат "технолошки тајфун" и се приклучија кон финансирањето на опрема и обука на кадри.

Како и да е, снаодливоста на македонскиот библиотекар се справи со овие бариери и смело зачекори во светот на новите технологии.

Во текот на 2003/2004 година се изврши пререгистрација на библиотеката во Национална установа - Библиотека "Гоце Делчев" Штип.

Поради малиот број активно население во руралните средини во општината, а со желба да се задоволат нивните културно-духовни потреби, од 2003 година на просторот на општините Штип и Карбинци инфобус (патувачка библиотека) опслужува 20 села и приградски населби. Со функционирањето на подвижната библиотека се успеа на најекономичен начин да се задоволат потребите на граѓанството од селата за кои книгата до овој момент претставуваше неостварена желба. Инфобусот располага со книжен фонд на четири јазици на националностите (српски, влашки, турски и ромски јазик), периодични публикации и списанија. Истиот е поткрепен со најсовремена опрема за да биде соодветен на автоматизацијата: видеорекордер, лаптоп, интернет- мрежа, печатач, компјутер, телевизор и др.

Претпоставувам дека технологијата може на еден начин, така кажано, и стихијно да се имплементира (што е најчеста практика кај нас), но не треба да го занемариме фактот дека примената на ваквата технологија подразбира суштински структуролошки и методолошки промени што по правило треба да претходат или паралелно да се одвиваат.

Не претставува некоја новина ако констатирам дека во последните 20 години библиотеката постепено ја губи својата примарна ролја во производството, обезбедувањето и дистрибуирањето информации; го губи монополот и сопственоста на истите, а ги губи и членовите, а сето ова нè води кон маргинализација. Во нашата библиотека полека како да надвладува концептот за институција што е повеќе насочена кон чување отколку кон давање занемарувајќи го корисникот.

Како библиотека мора да реагираме и да агитираме. Мораме да го рехабилитираме читателот и да се приспособуваме, така кажано, во од, следејќи ги читателските навики на нашите членови, избирајќи го згодниот формат за нив, било книга, ЦД, Интернет или електронски списанија, земајќи ја во целосен предвид содржината, односно вредноста и потенцијалната корист незанемарувајќи ја ни забавната компонента на консументите.

Неоспорен факт е дека 80 проценти од корисниците на библиотечните услуги се ученици (од основно и од средно образование) и студентската популација и за повеќемина од нив современата компјутерска технологија не претставува никаква непозната. Токму спротивното, тие сè повеќе "читаат" од екран отколку од книга.

Со отворањето на универзитетот "Гоце Делчев" во Штип, се зголеми и бројот на студентите, а ние не презедовме никакви чекори.

Каде сме ние библиотекарите сега во ИТ-времето? Како да го постигнавме максимумот и се повлековме. Ги береме плодовите на долгогодишното надградување. Но не е така.

Каде сме? Само до тука ли имавме сили.

**УДК 027.8 (497.7)**

# ЗА СЕКОЈ УЧЕНИК ПО ПЕТ КНИГИ

Владимир Кочоски

***Што покажа анкетата за работата на училишните библиотеки во Тетовско?***

- ***Гимназиската библиотека со најмногу книги***
- ***Лектирите најбарани***
- ***Просторните проблеми пречка за подобра работа***

Националната установа - библиотека "Кочо Рацин" - Тетово на почетокот од годинава спроведе анкета во основните и во средните училишта, со цел да ги согледа состојбите и работата на училишните библиотеки. Испратени беа прашалници до петте средни и до 34-те основни училишта што територијално потпаѓаат во подрачната единица на Министерството за образование и наука - Тетово. На анкетата позитивно одговорија петте средни и 23 основни училишта.

Статистиката како наука често на шега се дефинира како "точен збир на неточни податоци". Меѓутоа, ако и во најголемата лага има половина вистина, во статистиката што ја изведовме од добиените податоци од анкетираните училишта барем може да се добие колку-толку појасна слика за вкупните состојби во училишното библиотекарство во Тетовско.

Во петте средни училишта, во кои учат вкупно 9.438 ученици, во училишните библиотеки има 67.552 книги, од кои 24.151 на македонски јазик, 18.385 на албански, 8.233 на српски, 5073 на турски и 4953 на други јазици (англиски, француски, германски). Просечно на еден средношколец му припаѓаат по 7 книги.

Во текот на минатата година во средношколските библиотеки биле регистрирани 5390 корисници, кои прочитале просечно по 4,2 книги или вкупно на користење биле издадени 22.526 примероци. Едновремено за комплетирање на книжниот фонд биле потрошени 471.062 денари. Најбогата со книги (31.474 примероци) е библиотеката во гимназијата "Кирил Пејчиновиќ", потоа следат Текстилниот училишен центар "Ѓоце Стојчевски" со 11.451 книга, Средното медицинско училиште "Никола Штејн" со 10.035, ССОУ "Моша Пијаде" познато како Земјоделско училиште со 8426 и најмладата меѓу нив образовна установа, средното економско училиште "8 Септември", со 6.166 примероци.

Кога станува збор за обработка на книжниот фонд, ситуацијата е загрижувачка. Во петте средни училишта се водат инвентарни книги, но само во ССОУ "Моша Пијаде" и во СМУ "Никола Штејн" книжниот фонд е сигниран според формат, обработката се врши според МДК и постојат каталози за пребарување. Во четири училишта има платени библиотекари, додека во ОССУ "Ѓоце Стојчевски" за библиотеката е задолжен предметен наставник.

Просторниот проблем кај повеќето средни училишта во Тетово е евидентен. Соодветни простории со читални со по 30 седишта има само во ССОУ "Моша Пијаде" и СМУ "Никола Штејн".

На прашањето дали им е потребна стручна помош на библиотекарите, одговорите се потврдни.

Речиси слична е состојбата и со библиотеките во основните училишта. Вкупно 24-те основни училишта што одговорија на анкетата имаат 129.012 книги што им се ставени на располагање на 24.953 ученици или просечно на секој основец му припаѓаат по 52,2 книги. Во библиотеките има 41.900 книги на македонски, 76.783 на албански, 2.062 на турски, 1.631 на српски и 188 на други јазици. Меѓутоа, вкупната бројка на монографски публикации сигурно е многу поголема ако се знае дека на анкетата не одговорија дури 11 основни училишта, како што се училиштата од Брвеница, Челопек, Глоѓи, Порој, Стенче, Жеровјане и други.

Кога станува збор за обработката на книжниот фонд, 12 училишта водат инвентарни книги, додека 11 - не. Идентични се бројките од добиените одговори на прашањето: дали книжниот фонд е сигниран според формат. Меѓутоа, обработката на материјалот според МДК се врши во ОУ "Абдил Фрашери" во Боговиње, во ОУ "Исмаил Ќемали" во Нераште, во ОУ "Сабедин Бајрами" во Камењане, во ОУ "Лирија" во Тетово, во ОУ "Рилиндја" во Селце и во ОУ "Луиѓ Гуракуќи" во Желино. Во овие училишта има платени библиотекари. Сепак, одговорите оставаат сомнежи за квалитетот на стручната обработка на книжниот фонд во сите споменати училишта поради фактот што во графата за посетувани семинари некои одговориле негативно.

Просторното прашање и во овие библиотеки е проблематично и претставува сериозна пречка за поквалитетни услуги. Во засебни простории библиотеките се сместени во 13 училишата, додека во десет основни училишта книгите се сместени во училници или кабинети. Со (не)постоење на читални проблемот е уште поизразен. Простории во кои учениците можат да го користат библиотечниот материјал има само во седум училишта, со вкупно 138 седишта. Во најповолна состојба е ОУ "Гоце Делчев" во Тетово со пространа читална со 50 седишта, 12 седишта има читалната во ОУ "Луиѓ Гуракуќи" во Желино, додека основните училишта во Шемшово и во Јегуновце имаат по 10 седишта.

Според податоците од анкетата, проблеми во работењето на училишните библиотеки се чувствуаат и од финансиска природа. Дури 16 училишта во 2007 година не потрошиле ниту денар за комплетирање на книжниот фонд, додека 7 библиотеки купиле книги, пред сè лектирни изданија, за сума од 182.942 денари. ОУ "Дервиш Цара" од Долно Палчиште за опремување на библиотеката во подрачното училиште во Калник потрошиле 69.892 денари, ОУ "Симче Настоски" Вратница купило книги во вредност од 53.150 денари, "Рилиндја" од Селце за 20.000 денари, ОУ "Луиѓ Гуракуќи" од Желино за 15.000 денари, ОУ "Сами Фрашери" од Пирок за 7.000 денари, колку што потрошиле и во ОУ "Гоце Делчев" Тетово, а ОУ "Екрем Чабеј" од Теарце за 3.500 денари.

Кон крајот на минатата година основното училиште во шарпланинското село Јеловјане, во кое учат 497 ученици, изгоре, а пожарот не ја поштеди ниту библиотеката со над 3.000 книги. Сега училишната библиотека е во фаза на обновување и моментно има 475 книги, 180 на македонски и 295 на албански, што ги донирале повеќе училишта од општина Боговиње.

**УДК 015 (497.7):025.321.4**

# БИБЛИОГРАФИЈА НА СТАТИИ И ПРИЛОЗИ ВО НУБ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ", БИБЛИОГРАФСКИ ЦЕНТАР – СКОПЈЕ*

## - начин на изработка -

Елизабета Стоименова, виш библиотекар
Национална и универзитетска библиотека "Св. Кл.Охридски", Скопје

*Изработката на статии и прилози од сериски публикации и од дел монографски публикации е според однапред определени критериуми и стандарди. За таа цел се назначени извршители во Библиографскиот центар, кои според своето образование извршуваат определени работни процеси потребни за подготвување на Македонската тековна библиографија – Статии и прилози.*

Клучни зборови: Национални библиографии, изработка

При изработка на Македонската тековна библиографија на статии и прилози во НУБ "Св.Климент Охридски" – Скопје, во Библиографското одделение се пристапува најпрво на грубо прегледување на целокупната продукција на сериски публикации, како и на дел монографски публикации (зборници од конгреси, симпозиуми, советувања и други научни и стручни собири), издадени во Република Македонија, а добиени како задолжителен примерок. Извршители што се однапред назначени на работни задачи во истото одделение, секој од својата област, повторно ги прегледува списанијата и статиите и прилозите (во понатамошниот текст библиографски единици, односно б.е.) завзема став и дава предлози за вклучување нови наслови за обработка. При решавањето се внимава за стручната и научна содржина на б.е. во списанијата и монографиите. Од списанијата што се стручни и научни б. е. се вклучуваат целосно, без селекција, селективно од научнопопуларни, списанија за деца и др., а не се ексцерпираат содржини од публикации наменети за забава, весници, училишни и фабрички билтени и сл.

Тешкотиите при користењето на публикациите на светско ниво поради различноста на јазиците уште од 19 век ја наметнале потребата од составување еден систем искажан со бројки ***Универзална децимална класификација,*** за што полесно разбирање, односно УДК-таблици.

Библиографите, секој од својата област, пристапува кон читање и класирање на б.е. За класификација се применува средното и другите изданија на FID (Federation Internationale de Documentation) со постојано вклучување на измените и дополнувањата од "Extension and Corrections to the UDC".

***Пример:***
***9.9.9-9.09***
***Критика на македонскиот роман***

---

*"Библиографска обработка на составните делови според ИСБД-и : прирачник" / Елизабета Стоименова. Скопје : Народна и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", 2003.*

Потоа се изработуваат ***предметни определници***. Предметна определница е јазичен израз (термин) што се состои од еден или повеќе зборови погодни и прифатени да се изрази тематската содржина на б.е. Изработката на предметни определници му овозможува на корисникот при пребарувањето полесно да дојде до бараната цел. И за овој процес постојат правилници и тоа:
"Pravila za definisanje predmetnog sadržaja dokumenata" / Ljiljana Kovačević, Sofija Todorović. Beograd : Narodna Biblioteka Srbija, 1991; "Pravila za izradu predmetnog registra bibliografije knjiga i članaka" / Nevenka Skendžić, Beograd : Jugoslovenski bibliografski institut, 1978; "Predmetni katalog u biblioteci opšteg tipa" / Divna Glumac. Beograd : Narodna biblioteka Srbije, 1980 и "Предметен опис и предметен каталог " / Зорка Чекичевска и Јелена Фидановска. Скопје : НУБ "Св. Климент Охридски", 2003.

*Пример:*

***Македонска книжевност Романи - Критики***

По содржинската обработка, се изработува ***каталошко-библиографски опис*** на составните делови според ISBD-и, за што се користат следните прирачници:

"Pravilnik i priručnik za izradbu abecednih kataloga". Prvi dio: "Odrednice i redalice" / Eva Verona. 2. izmenjeno izd. Zagreb : Hrvatsko bibliotekarsko društvo, 1986; "Pravilnik i priručnik za izradbu abecednih kataloga". Drugi dio: "Kataložni opis" / Eva Verona. Zagreb : Hrvatsko bibliotekarsko društvo, 1983; "Guidelines for the application of the ISBDs to the description of component parts". London, IFLA Universal Bibliographic Control and International MARC programme British Library Bibliographic Services, 1988 и "Библиографска обработка на составните делови според ИСБД -и : прирачник" / Елизабета Стоименова. Скопје : Народна и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", 2003.

Каталошко-библиографскиот опис ги содржи следните елементи:

**1. Единствена определница**

Презиме и име на авторот во оригинална форма.

**2. Стварни наслови и податоци за одговорност**

*а) Главен стварен наслов*

Како податок се зема насловот на б.е.

*б) Поднаслов*

Тој го дополнува, го дообјаснува главниот стварен наслов.

*в) Податоци за одговорност*

При обработка се застапуваат сите автори, онолку колку што се. Како прв податок на одговорност се смета авторот на текстот, а секундарното авторство се однесува на преведувач, илустратор, собирач, подготвувач, лице кое интервјуира, картограф, фотограф и др.

Ако има авторства и стварни наслови на повеќе јазици или писма, се опишуваат меѓусебно одвоени со знакот равенство (=). Сите податоци од овој дел се изработуваат de visu (пишувај како што гледаш).

**3. Забелешки**

а) Ако библиографот констатира дека насловот и поднасловот не ја искажуваат содржината на б.е., составува анотација, односно кратко дообјаснување на содржината.

Текстот на анотацијата секогаш е на јазикот и писмото на центарот за каталогизација. Најчесто при изработка на анотацијата се поставуваат следните прашања: кој, зошто, што, кого, кога, каде, колку.

***Пример:***
***По повод прославата на Илинден, Претседателот на Република Македонија организира собир во Крушево.***

б) За составен дел при опис на статијата се смета и наведеното резиме кое е на друг јазик од публикуваната статија. Исто така се наведуваат и фуснотите и посочената литература.

**4.Идентификација на матичната единица**

Како втор блок на каталошко-библиографскиот опис на б. е. е изворникот односно насловот на списанието или зборникот, бројот ISSN (меѓународниот стандарден сериски број) на списанието, тековната година, бројот, календарската година и страниците од кои е ексцерпирана б.е.

**Регистри**

***а) Авторскиот регистар*** е придружен материјал на корпусот на библиографијата. Тој се состои од имиња на автори. Се изработува според презимето и името на авторот, подреден е азбучно. Во него се застапени сите форми на автори (полни имиња, скратени, псевдоними и др.) упатени на оригиналната форма.

***б) Регистар на библиографски извори***

Секоја библиографија содржи Регистар на изворници што се каталошко-библиографски опишани според стандард.

*Пример:*
Солев Коста Рацин **види** Рацин, Коста
Ј. П. **види** Павловски, Јован
Б. Конески **види** Конески, Блаже
Црни **види** Црни (во забелешка се внесува вистинското име на авторот)

Библиографските единици застапени во секоја библиографија се нумерирани и подредени азбучно.

По завршување на целата постапка, при изработка на библиографијата се врши редакција и уредување на библиографските записи.

***Пример:***
**ГАВРИЛ**, архиепископ
Вистинско богопознание : божиќна порака до верниците / архиепископ Охридски и Македонски Гаврил.
Во: МАКЕДОНИЈА : илустрирано списание на Матицата на иселениците од Македонија. - Скопје : Матица на иселениците од Македонија. - ИССН 0542-206Х. - Год. 40, бр. 477 (јануари 1993), стр. 23
252.9:264-041(497.7)
Божиќ - Проповеди - Македонија

УДК 026/027:65.012.2 (497.7)

# ОПЕРАТИВНО ПЛАНИРАЊЕ И ОПЕРАТИВНИ ФУНКЦИИ ВО БИБЛИОТЕКИТЕ

м-р Наде КАРАЏОСКА
ЈОУ Градска библиотека - Прилеп

И покрај големото значење на стратегиското планирање во библиотеките, многу од раководителите на библиотеките го трошат времето на краткорочните плански одлуки или оперативното планирање.

Работното време, распоредот на работата во смени, можноста и времето на користење паузи, распоредот на користење годишни одмори, одржувањето на хигиената во зградата, набавка на библиотечна граѓа, реставрацијата и конзервацијата на фондовите и сл., се само дел од дневните грижи на раководителите во библиотеките. Во поголемите библиотеки, раководителите се ослободени од ваквите задачи затоа што за нивна реализација се задолжени средната линија менаџери, но во помалите библиотеки тие претставуваат една од најважните управувачки одговорности. Според ова, од очите на јавноста останува скриено колку се потребни тактичност и трпеливост, на пример, за да се организира работа во смени во библиотеката и да се воспостави добра комуникација помеѓу вработените во двете смени.

Од досега кажаното, може да се потенцира дека краткорочните или оперативните плански одлуки се оној аспект на планирање со кој се решаваат дневните, специфични и сосема конкретни проблеми, а со нив се овозможува функционирање на библиотеките и се трасира патот кон долгорочното планирање.

Усогласеноста на оперативните и стратегиските планови е императив на успешното планирање затоа што оперативното и стратегиското планирање не се два спротивставени пола, туку комплементарни процеси со кои се остварува мисијата на библиотеката.[1]

Според некои автори, оперативните планови може да се класификуваат во два типа:
- *планови за единечна употреба;*
- *постојани планови.*

Плановите за единечна употреба се користат за насочување на активностите кон остварување на специфична цел и нема да се повторат во иднина. Постојаните планови се развиваат за да ги водат активностите кон остварување цели од постојана природа. И двата типа оперативни планови им помагаат на членовите на организацијата да ги координираат и да ги насочат нивните активности кон остварување на целите.

Тргнувајќи од овој факт, развојот и спроведувањето на оперативните планови може да ја покаже разликата помеѓу успехот и неуспехот во спроведувањето на целокупниот процес на организацијата.[2]

---

[1] Д-р Гордана Стокиќ-Симончиќ и д-р Жељко Вучковиќ, *Менаџмент у библиотекама,* Желнид, Београд 2003, стр.75;

[2] Тодор Кралев, Менаџмент I дел, ЦИМ, Скопје1994, стр175;

Оперативните планови ги предводат општите цели дефинирани во стратегиски планови во дневни одлуки и акции на членовите на организацијата, а ги “содржат податоците за тоа како може да се остварат стратегиските планови”.[3)]

Посебно значаен вид оперативни плански за библиотеките претставува буџетот - финансиски план со кој менаџерите ги искажуваат своите плански одлуки. Планот на профит или планот на очекувани приходи или расходи, како што може да се дефинира буџетот, има неколку основни форми. Линискиот буџет е најзастапен тип на буџет за библиотеки, а со него се пресметуваат материјалните средства поделени во неколку главни категории (плати, социјално и здравствено осигурување на работниците, набавка на библиотечна грађа и тековно одржување на зградата).

Ваков буџет има предност што е едноставен за пресметување и затоа што буџетскиот износ за следната година се базира врз овогодинешната сума, зголемена за порастот на трошоците на животот, а лесно е сфатлив и одбранлив пред претставниците на локалната заедница. Неговата примитивна варијанта претставува таканаречен "паушален буџет", со кој за одредена библиотека се бара вкупната годишна сума, а менаџментот на библиотеката остава одлука за начинот на распоредување на средствата по категории.

Програмските и нулти-буџети, меѓутоа, се засноваат на попрецизно пресметување на трошоците за одделни библиотечни услуги и за важноста и позицијата на одделни програми или работни единици за остварување на мисијата на библиотеката.[4)]

Исто така, буџетот на библиотеката може да се формира и врз основа на некој формален критериум, на пример, според бројот на запишани корисници, нивната структура, бројот на местата во читалната и сл.

Авторот Алис Сајзер Ворнер водејќи не низ буџетирањето во библиотеките, со леснотија нѐ предупредува дека со барањето на финансиските средства за библиотеките треба да се биде одмерен, во однос на матичната институција лојален, а во контактот со политичките авторитети - свесен за приоритетите на локалната заедница. Алудирајќи на етичност и убави манири, тој ја додава констатацијата дека со буџетирање најлесно и најуспешно се занимаваат тие кои добро се снаоѓаат со бројки и кои знаат колку чинат нивните услуги.[5)]

Освен оперативните планови, во библиотеките постојат и оперативни функции. Оперативните функции овозможуваат да се остварат оперативните планови во библиотеките. Тие можат да се поделат во три групи:

- Производни функции,
- Административни функции и
- Логистики функции.[6)]

Производните функции во библиотеката се услугите поврзани со информацијата и културата. Понудата на услугите се однесува на повеќе елементи како што се: збирката на документи, пристап до надворешните извори на информации, посредување помеѓу различните извори на информации и корисниците. Профилот на понудените документи се однесува на планот на развој на фондовите што ги земаат предвид

---

3) Jovan Todorovic, Strategiski Menagment, str. 42

4) Стокиќ, Симончиќ, н.д.стр.75

5) Budgeting: A How-To-Do-It Manual for Librarians,Alice Sizer Warner, New York: Neal-Schuman Publishers, Inc,1998.X,101 p

6) Zoel Miler, Zan-Luj Miler, Menadzment Biblioteka,Clio 2006, 24.

сите елементи на некоја збирка: избор и набавка на сите видови документи и на сите видови носители на информации.[7)]

Другата етапа претставува интелектуалната и стручна обработка (каталогизација), индексирање и физичката обработка (пластифицирање, етикетирање и др.).

Администртивните, односно управувачките функции се однесуваат на буџетот на вработените. Управувањето на буџетот се состои во утврдување на планираниот буџет со обезбедување, распределба и контрола водејќи сметка за сметководствените правила на институцијата на која ѝ припаѓа библиотеката: локална самоуправа, државата или ЕРА-(јавни управи) фондација, здружение и др. Управувањето на вработените се однесува на сите вработени во установата, како и на доброволно пријавените работници и стажисти: прием во службата, стручно образование, напредување во звањата, отсуствата.

Логистичките функции ја следат традицијата: одржување на просториите, преселување на фондот, преуредување на просторот и др. Со развојот на безбедносните норми значително се зголемува значењето на оваа функција упатувајќи на тоа дека и овде е потребно да се вработи квалификуван кадар. Појавата на современа технологија (ЦД-ромови, Интернет, аудиовизуелни средства и др.), поставување опрема против кражби, сето тоа бара ефикасен технички надзор за да се обезбеди одржување и функционирање на апаратите и техничките системи.

**Табела на оперативните функции[8)]**

| **Производни функции: збирки услуги** | **Административни функции** | **Логистички функции** |
|---|---|---|
| • Избирање, набавка, чување, отпис на сите видови документи<br>• Интелектуална обработка и физичка обработка<br>• Прием на корисници<br>• Посебни услуги | • Управување на буџетот<br>•Управување на вработените: примање во служба, кариера, стручно образование, отсуство | • Простории: одржување, изградба<br>• Транспорт<br>• Технички системи: машини, информатички системи |

Секоја библиотека мора да ги организира своите раководни функции и своите оперативни функции. Начинот на кој ќе биде тоа реализирано ќе зависи од вработените, од нивното стручно образование и компетенција, статутарните обврски, како и од начинот на организирање.

[7)] Bertrand Calenge, Les Politiques d'acquisition:constituer une collection dans, une bibliotheque, Paris, Editions du Cercle de la Libraire, 1994; Conduire une politique documenntaire, Paris, Editions du Cercle de la Libraire, 1999, 53 p.

[8)] Zoel Miler, n.d., 24.

Користена литература:

1. Calenge Bertrand, Les Politiques d–acquisition: constituer une collection dans, une bibliotheque, Paris, Editions du Cercle de la Libraire, 1994; Conduire une politique documenntaire, Paris, Editions du Cercle de la Libraire, 1999;

2. Budgeting: A How-To-Do-It Manual for Librarians,Alice Sizer Warner, New York: Neal-Schuman Publishers, Inc,1998.X,101 p

3. Д-р Стокиќ-Симончиќ Гордана и д-р Вучковиќ, Жељко *Менаџмент у библиотекама,* Желнид, Београд 2003;

4. Todorović Jovan, Duricin Dragan, Janošević Stevo, Strategiski Menadžment, Institut za tržišna istraživanja, Beograd, 1998;

5. Кралев Тодор, Менаџмент I дел, ЦИМ, Скопје 1994;

6. Zoel Miler, Zan-Luj Miler, Menadžment Biblioteka, Clio 2006, 24.

M-r Nade KARADZOSKA

**OPERATIVE PLANING AND OPERATIVE FUNCTIONS IN THE LIBRARY**

S U M M A R Y

The operative planning and functions is veru important for the succesful work of the libraries. The success of a library will depend on the accomplishing of the operative planning and functions decisions.

УДК 026/027:005 (100) "20"
026/027:658.8 (100) "20"

# МАРКЕТИНГ И МЕНАЏМЕНТ НА БИБЛИОТЕКИТЕ ВО СВЕТЛОТО НА НОВИОТ ВЕК

д-р Сузана Котовчевска

Маркетингот претставува функција на менаџментот што ја пренасочува куповната моќ на корисниците во ефикасна побарувачка за услугите на библиотеките. Само во услови кога развојот на библиотечно-информацискиот систем ќе се вклопи со промената на маркетингот, опфаќајќи го целокупниот работен процес, може да се постигнат оптимални резултати. Овој вид кохезија е многу значаен и неопходен како концепт на интегралниот маркетинг со единствена цел заживување на маркетингот во вистинска смисла на зборот. Тоа посебно ќе биде потенцирано ако го прифатат сите одделенија, односно оддели во рамките на установата како деловна филозофија и ако почнат секогаш во нивниот фокус на интерес да го имаат корисникот. Според сите елементи, маркетингот претставува визионерство, најдобар начин, но во исто време и еден од најскапите, за неговата примена во современото доба.

Давањето услуги од библиотеките треба да биде тесно поврзано со одржување на нивниот квалитет и тоа посебно во сферата на информатичките услуги, промоција на литературата и поддршка при преведувањето на информациите во знаење. Информацијата е екстерна, подложна на собирање и безживотна, додека знаењето е интернационализирано, бавно се гради и води кон акција.

Се уште постојат три значајни општествени прашања во светот, кои се однесуваат на јакнење на информатичкото општество, а за кои се уште не е добиен одговор:

- информацијата како "проблем": да се знае што постои и како да се пристапи кон тоа;
- да се знае како да се "прочита" информацијата и како да се протолкува;
- тешкотиите околу трансформирањето на информациите во знаење како субјективен процес што зависи од индивидуалните способности.[1)]

За таа цел, библиотекарите ќе бидат се повлијателни ако обезбедат амбиент општеството да ги согледува библиотеките како клучни институции на културната политика во кои се обезбедува пристап до информациите и во кои се унапредува развојот на нивната интерпретација. Заедничкиот именител на овие значајни функции на библиотеките во новиот општествен и глобален амбиент претставува создавање на знаење и вредности во духот на интелектуалните слободи.

Во менаџментот и маркетингот на библиотеките треба јасно да се потенцира дека поединците и организациите, врз основа на природата на интересите, можеме да ги распределиме во следните групи: *корисници, персонал, доставувачи, конкуренти* итн.

Со цел успешно да се одвива менаџментот на библиотеките, неопходно е библиотеките правилно да ги идентификуваат своите "акционери"[2)] и нивните интереси и да изнајдат модел со кој ќе се воспостават и ќе се унапредат односите со нив.

---

1) Anglada i de Ferrer, Luis, M. (1999). El paper de la biblioteques a la societat informacional: pro postes per a l'administració pública catalana. In: Catalunya davant la societat de la informació: hous actors i noves politiques públiques. Eugènia Salvador (ed.) Barcelona: Mediterrània, p. 73-100.

2) Забелешка: Со оглед на специфичната природа на работниот процес во библиотеките како културно-просветни установи, терминот акционер се става под наводници.

**УДК 026/027:658.14/.17 (100)**

# ФИНАНСИСКИ МЕНАЏМЕНТ ВО БИБЛИОТЕКИТЕ И ИНФОРМАЦИСКИТЕ ЦЕНТРИ

Наташа Бундовска, виш библиотекар
НУБ "Св. Климент Охридски" - Скопје

Клучни зборови: финансиски менаџмент, библиотеки, финансиски планови, финансиски извештаи, финансиска одговорност

*Финансискиот менаџмент* е една од основните човечки активности во современиот свет во која се инкорпорирани планирањето, управувањето и надгледувањето на приходите и расходите, како и известувањето и проценката на резултатите.

Разгледувајќи го *финансискиот менаџмент,* не може да се запостават значајните имиња во теоријата на менаџментот. Во теоријата на менаџментот се појавуваат повеќе школи и тоа: школа за научен менаџмент, класична (традиционална) школа, функционална системска школа, школа за човечко однесување, школа за социјални сметки и други.

Историјата на теоријата на менаџментот започнува со Фридрих Тејлор, кој ги поставува темелите на научното управување. Од наведените развиени школи за менаџмент се развиваат многу теории од кои позначајни се *Теоријата X* и *Теоријата Y*. Теоријата X е заснована на традиционалниот пристап на класичните школи и го застапуваат ставот дека за да се постигнат резултати во работењето, работникот треба да се присилува, да се форсира и да се контролира. Наспроти ваквата теорија, претставниците на Теоријата Y имаат спротивни ставови. Според нив човекот е во центарот на вниманието и продуктивноста ќе се зголеми кога работникот не се присилува, не се манипулира со него, не се форсира и повисоки производствени резултати се постигнуваат кога се работи тимски.

Финансискиот менаџмент е неизоставен дел во работењето на библиотеките и информациските центри, но постојат разлики во традиционалните и алтернативните извори на финансиска поддршка во одделни земји во светот. На пример, во САД локалната влада учествува со 10% од вкупно потребните средства во финансирањето на јавните библиотеки, а преостанатиот дел од средствата се обезбедуваат од други извори. Во САД од финансиските инструменти што имаат особено значење за финансирање на библиотеките ќе ги спомeнеме

*емисијата на обврзници* и *домашните правила.*

*Емисија на обврзници (Bond Issue)* е општ метод за обезбедување пари за инвестициска потрошувачка, метод користен од влади за позајмување пари. Обврзницата е хартија од вредност, заем што се наплаќа од идните приходи, најчесто по 20 години од датумот на емисијата. Во САД на јавните универзитети и библиотеки им е дозволено

да емитуваат обврзници ослободени од данок *(tax free bonds).* Оттука тие се во можност да позајмуваат пари со помала камата од другите организации и оние што ќе купат обврзници се ослободени од плаќање федерални (национални) даноци од добивката заработена од инвестирањето во обврзници.

*Домашни правила (Home Rule)* се законите што им даваат право на локалните надлежни власти да ги игнорираат државните или регионалните закони поврзани со финансирањето услуги. Кај јавните библиотеки во САД, според домашните правила на градовите, може да се зголемат даноците за библиотеките и покрај ограничувањата одредени од државните закони се додека граѓаните во градовите не се известени и нема да побараат референдум за прашањето што соодветсвува на прогласот.

Една од функциите на финансискиот менаџмент е *финансиското планирање*. Процесот на планирање ги опфаќа задачата (мисијата), целта, намерата и активностите за постигнување на задачата. Задачите се принципите што ја водат библиотеката во зацврстување на целите и намерите. Дефинирањето на задачата е најзначајниот стратегиски чекор на библиотеката. Намерата, според Вебстер, е крај на напорот или дејството. Утврдувањето на ширината на намерите е првиот чекор во процесот на планирањето. Целта ни покажува кон што е насочен трудот за постигнување на намерата. Целта за разлика од намерата е немерлива. Намерите се мерливи дејства што треба да се постигнат. Четвртиот елемент од процесот на планирање се активностите што исто така не се мерливи.

Подготвувањето на финасиските планови е од огромен интерес за библиотеките. При подготвување на финансиските планови е особено значајно кои функции или програми се предлагаат да се развијат, кои компоненти ќе бидат вклучени во планот и кому ќе му биде презентиран планот. Во планот треба да се вклучи: насловот, потребните средства (време, пари, луѓе), колку дополнителни средства се потребни, логичкиот ред на чекорите за извршување на планот, како ќе бидеме сигурни дека планот ќе биде успешен.

Најважниот дел за функцинирање и непречено извршување на своите работни задачи во библиотеката се *финансиските средства* и изворите за нивно обезбедување. Постојат повеќе извори на финансиски средства што грубо се делат на традиционални и алтернативни. Во изворите на финансиски средства се опфатени*: даноци ; инвестиции (подароци, инвестиции во финансиски средства); членарина (претплата, наплата за изгубена книга, плаќање на корисникот за пребарување); грантови; профитабилни активности; собирање финансиски средства (подароци: во основни средства, во финансиски средства, книги, мебел; од продажба: книги, продавница за подароци, маскенбали, вечери за добротворни цели)*

Од претходно изложеното можеме да утврдиме широк спектар на алтернативни извори за финансирање на библиотеките. Некои од овие дополнителни форми на финансирање се прифатени и се применуваат и кај нас, што значи се трудиме на сите можни начини да обезбедиме средства неопходни за работење. Буџетските средства се строго наменски определени со тенденција на намалување од година на година, како резултат на реформските зафати за намалување на јавната потрошувачка.

Постигнатите резултати во процесот на работење се изготвуваат како *финансиски извештаи* што може да бидат во писмена форма, извештаи со нумерички податоци и мултимедиски, графички и други алтернативни извештаи. Динамиката на извештаите може да биде месечна, тримесечна, полугодишна и годишна. Кај финансиските извештаи е од особено значење кој го подготвува и кој го прима извештајот.

Во една библиотека од особено значење е нивото на *менаџерска и финансиска одговорност* во организациската поставеност, дали одговорноста се менува според типот на библиотеката и дали одговорноста се менува преку време во самата библиотека. Најголема улога во менаџерската и финансиската одговорност има оној што ги евалуира финансиските и менаџерските резултати. Таа улога може да ја има владин службеник, супервизор во самата библиотека, колега и вработени, јавноста и други.

Литература:

1. Синиша Спасов, Сашо Арсов. Финансиски менаџмент, Економски факултет, Скопје, 2004
2. www.ifla.org

## SUMMARY

Financial management is very important in the libraries and in the information centre. Financial management is consist of : planning, management of income and costs, information and estimation of results. In the libraries there are a lot of traditional and alternative source of financing in different countries in the world.

УДК 026/027 (497.7) (091)

# БИБЛИОТЕКИ НА СВЕШТЕНИ ЛИЦА ВО ТЕТОВСКО ВО 19 И 20 ВЕК

Владимир Кочоски, виш библиотекар
Национална установа Библиотека "Кочо Рацин"- Тетово

Ако во книгите е собрано сето знаење и сета мудрост на светот, тогаш со право се вели дека библиотеките се духовни ризници во кои се чува непроценливо богатство. Библиотекарството иако се смета за значаен сегмент на културата и образованието и е неодминлива тема кога станува збор за културната историја на еден народ или област, барем досега не го има соодветното место во историската наука. Со истражување на историјата на библиотекарството се занимаваат само мал број автори, па оттаму сé уште се чувствуваат големи празнини и недоречености. Ова е само мој скромен обид да фрлам малку светлина врз правот на времето и да потсетам на малиот број духовници во Тетовско што, освен на верата и на Господ, ѝ се поклонувале и на книгата.

Со ширењето на мрежата на печатниците и наглиот пораст на печатените дела во Европа и особено во последните два века на почвата на Балканот, како и со подобрувањето на општествено-економските услови што го поттикнаа и развојот на писменоста, се создадоа поволни услови за зголемување на интересот за книгата и за појава покрај на црковни и училишни библиотеки, на приватни, односно лични и семејни библиотеки кај повидните граѓани, без оглед на нивната етничка или верска припадност.

Тетово во преродбенскиот период е стопански, духовен и културен центар во северозападна Македонија. Кирил Пејчиновиќ, кој заедно со Јоаким Крчовски и Хаџи Папа Теодосија Синаитски ја чинат пионерската преродбенска тројка во Македонија, ќе го посее семето на просветата меѓу своите и ќе ја заора браздата на културата на просторот под грамадната Шар Планина. Тој ќе ги создаде и првите книги со световна содржина, а ќе ги собира старите книги и ракописи и ќе ги удри темелите на библиотекарството врз кои се гради традиција што трае и денес. Неговиот пример ќе го следат многу видни тетовци.

Реално е да се претпостави дека библиотекарството во Македонија се развивало напоредно со развојот на писмото и писменоста. Тоа особено голем подем има во средновековието. Со составувањето на првата словенска азбука од браќата солунчани Кирил и Методиј, кои се сметаат за втемелувачи на културата и писменоста кај словенските народи, а особено со културно-просветната работа на нивните најпознати ученици Климент и Наум, кои глаголското писмо го упростија и ја создадоа новата азбука што ја нарекоа *кирилица*, почнува и ерата на голем подем на библиотекарството во Македонија. Во Климентовиот охридски универзитет писменоста ја совладаа голем број ученици, кои препишувајќи ги црковните книги потребни за вршење на богослужбата и за разни други црковни обреди (крштевки, венчавања, погреби, осветување и слично) го создадоа и првиот книжен фонд во Македонија.

Втората половина на 18 век и првите децении од 19 век, како одраз на новите идеи и реформи во Европа, отвораат нова ера во духовниот развој и на просторот на Македонија, иако тоа тогаш е културно заостаната средина во која мачно се разбиваат вековните традиции. Па, сепак, имало и такви луѓе што знаеле правилно да ја оценат вредноста на новото што доаѓало од Европа. Еден од нив бил и познатиот преродбеник, писател, творец на првите стихови во поновата македонска книжевност, преведувач и библиотекар, јеромонахот Кирил Пејчиновиќ - Тетоец од Лешочкиот манастир.

Отец **Кирил Пејчиновиќ - Тетоец** е централната фигура во првата половина на 19 век. Тој е писател, преведувач и, како голем љубител на книгата, библиотекар. Ги пишува книгите *Огледало* печатена во Будим (1816), *Утјешение грешним* (1840) типографисана во обновената печатницата на Хаџи Папа Теодосија Синаитски во Солун (1840), *Житието на Кнез Лазар*, која останала во ракопис, а со стихуваниот *Епитаф* (1835) што за време на животот самиот го издлабил на надгробната плоча, стана и првиот стихотворец во поновата македонска книжевност.

Отец Кирил Пејчиновиќ со право се смета за еден од основоположниците на библиотекарството во поновата културна историја на Македонија. Времето на неговиот претстој во скопските манастири и речиси трите децении поминати во Лешочкиот манастир е исполнето со неуморна книжевно-просветителска работа, но и со неуморно собирање и заштита на книги и ракописи и нивно згрижување. Се прераскажува дека Пејчиновиќ книгите од неговата библиотека ги држел заклучени далеку од очите на неупатените и злонамерните. Тоа нѐ упатува на заклучок дека библиотеката тој ја чувствувал како лична.

Калуѓерот Пејчиновиќ, игумен на Лешочкиот манастир, уште пред доаѓањето во Лешок во 1818 година, додека престојувал во скопскиот Марков манастир, здушно се занимавал и со собирање стари книги и ракописи од манастирите во Скопско, а потоа и во Тетовско. Со книгите што ќе ги донесе од светогорскиот манастир Хиландар и што ќе ги собере низ Македонија, во Лешок ќе ја оформи можеби најбогатата библиотека на овие простори. Освен тоа набрзо по доаѓањето во Лешок, дедо Кирил 1824 година ќе отвори и црковно училиште во кое писменоста ќе ја изучуваат повеќе духовници, од кои некои се мошне талентирани и се истакнуваат во препишувањето на разните книги, со што се *збогатува* фондот на библиотеката.

Во Лешочкиот манастир Кирил Пејчиновиќ ја имал најбогатата библиотека со книги и стари ракописи, од која, за жал, речиси ништо не останало благодарение на активноста на мноштвото таканаречени "истражувачи" и походите на разни војски. Така, во музејот на Српската православна црква во Белград се чува *Цветен триод*, кој бил пишуван во 1514 година од монахот Нифон и содржи 104 листа. Од лешочката библиотека во Белградскиот црковен музеј е однесен и таканаречениот *Кучевишки минеј* од 1622 година. Во Српската патријаршиска библиотека од Лешочкиот манастир е однесен и еден *Псалтир* од 16-от век со 263 листа. Во 19 век во Лешок бил напишан и *Зборник* на македонски народен јазик кој денес се чува во споменатата патријаршиска библиотека.

Во народната библиотека во Софија се чува ракописно *Четвороевангелие*, кое во 1342 година го пишувал Алекса Граматик. Ракописот е на пергамент и има 285 листа. Од Кириловата библиотека потекнува и *Лешочкиот поменик* од 19 век, во кој

што се споменува и 1845 како година на смртта на Кирил Пејчиновиќ. Тој е во народната библиотека во Софија. Уште многу други вредни книги и ракописи се однесени од Кириловата лешочка библиотека и денес се богатство со кое се гордеат многу институции во светот.

По смртта на Кирил Пејчиновиќ во 1845 година, неговата книжевно-просветителска дејност ја преземаат неговите најблиски соработници. Тоа се: јеромонахот **Арсение Марковиќ** и неговиот помлад брат **Кузман**, кои биле во сродство со Кирил по мајка, поп **Станче** од Јелошник и јеромонахот **Рувим** со потекло од Шумадија, а познати се уште неколку свештени лица што имале создадено свои библиотеки со книги со религиозна содржина.

**Арсение Марковиќ**, кој своето образование го добил во Лешочкиот манастир, бил најучен меѓу нив и врз него паднал товарот да го продолжи делото на Кирила. Во неговата понатамошна работа, а и во одржувањето и комплетирањето на библиотеката, силно се чувствува влијанието на неговиот постар роднина. Така, како што пишува Мирко Павловиќ во "Глас југа" од 26 март 1941 година, на еден *Окшоих* од 1765 година, кој тогаш се наоѓал во црквата во Теарце било запишано:

*"Сеи окшоих мне Арсение јеромонаха дечанца, куӣих ӷу ӷроша 16 1845, кои ќе ӷу ӣрочиша да рече Боӷ да би ӷо ӣросшил заре у ӷроб црвише ӷи ӷосшил. Арсение јеромонах свешаӷо дечана из шешова родом".*

Јеромонахот Арсение е автор на *"Седмоӷрехникош"* што го открил познатиот славист Афанасиј Матвеевич Селишчев во 1914 година. *Седмоӷрехникош* Арсение го пишувал во 1843 година откако претходно го допишал житието на Григориј Омиритски. Секако нужни се дополнителни опсежни истражувања за да се утврди изворот за ова дело. Што се однесува до прашањето за јазикот на кој е напишан текстот, поседува многу елементи на живиот народен говор", констатирал и Селишчев во своето дело *"Полоӷ и еӷо болӷарское население"*. И навистина бројот на црковнословенските елементи е намален, нема многу србизми како во јазикот на Пејчиновиќ, ниту бугаризми како во јазикот на Крчовски. Од оваа гледна точка јазикот на Арсение е почист од јазикот на неговите современици Пејчиновиќ и Крчовски.

Не е познато дали и Арсенија ќе се ангажира како и отец Кирил околу откривање и прибирање нови книги и ракописи, но познато е дека до крајот на животот сесрдно ќе се грижи за Кириловата библиотека. Тој ќе биде и познат како добар живописец, а на една од корицате на старите книги ќе го наслика и ликот на Кирила. Тој ќе биде весел по природа, а самиот себеси се наречувал "будалетината теаречка". Ќе умре пред крајот на 19 век тивко, како и што живеел.

Напоредно со теаречките просветители, во своето родно село Јелошник дејствува **поп Стојче.** Тој бил мошне имотен, а располагал со голем број книги што често ги продавал на одделни лица за цркви кои имале недостиг од нив, а тој набавувал нови. Една од неговите книги - *Еванӷелие*, која како што пишува Мирко Павловиќ во споменатиот текст, се чувала исто така во теаречката црква "Св. Никола", а ја откупил некој си Груно од Теарце *"за здравие за челаш и за душа и за шело од ӣоӣа Сшоичеша ош Јелошник за у црква 1823 ӷод.*

Еден од свештениците кои живееле во 19 век, а имале богата библиотека, бил и поп **Трпко Кировски** од Варвара, кој е погребан зад старата црква "Св. Богородица" во дворот на Лешочкиот манастир. Според зборовите на Мирослав Кировски, правнук на поп Трпко Кировски, татко му Косто Кировски, му кажувал дека во старата куќа во Варвара имало стари книги, кои по смртта на поп Трпко ги користеле за потпалување на оган.

Лешок и Лешочкиот манастир биле културно и образовно средиште во Полог, чие влијание продолжува да се чувствува и во првата половина од 20 век. Продолжувачи на Кириловото дело биле и поп **Спиро Онуфриевски** и неговиот син поп **Ѓиго Онуфриевски**, кои имале завиден фонд книги со религиозна содржина. Сепак, најмногу книги ќе има **Трпко Онуфриевски,** син на популарниот поп Спиро. Трпко Онуфриевски родум од Лешок, богословско-учителско училиште завршил во Призрен. Службувал во повеќе тетовски села и во Лесковац (Србија). Умрел на 37 годишна возраст. Неговата смрт познатиот тетовски новинар Боро Јосифовски ќе ја одбележи во весникот "Вардар". Трпко ќе оформи богата лична библиотека со богослужбени книги и книги со световна содржина на српски и на руски јазик. По неговата смрт книгите ќе ги поделат татко му и стрико му. Во педесеттите години од минатиот век при варење ракија нивните книги мувлосани ќе бидат извадени од подрумските простории и ќе бидат изгорени. Останати се само три-четири книги меѓу кои едно *Молитвословие* и еден *Требник.*

Свештеникот **Кирил Кочоски** (1915-1982) ќе располага со библиотека немногубројна со книги, но затоа во неа имал мошне вредни книги и ракописи. Тој ќе поседува еден редок ракописен препис на Пејчиновиќевото "Огледало", кое пред Втората светска војна ќе му го подари на својот другар Мирко Павловски. Мирко Павловски во шеесеттите години од минатиот век ќе предава Методика по литература на Филозофскиот факултет во Скопје. Во личната библиотека на Ќирко Кочоски, кој во повозрасни години ќе биде запопен од првиот митрополит на возобновената Македонска православна црква г.г. Доситеј и ќе го земе името Кирил, ќе има книги со црковноверска содржина печатени во средината на 19 век и подоцна во Киев, Солун, Софија, Будим, Белград и други места. За жал, по неговата смрт во 1982 година неговата сопруга ќе ги даде на еден негов другар книгите да ги однесе во црквата "Св. Кирил и Методиј" во Тетово. Напорите да најдам некој постар примерок од неговата библиотека останаа без разултат.

УДК 004.6 (062)

## *Конференција COBISS 2007*

# “COBISS – ПОДДРШКА НА ИНТЕРКУЛТУРНИОТ ДИЈАЛОГ”

Силвана Јакимова
Библиотека"*Браќа Миладиновци*" - Скопје

На 28 и 29 ноември во Марибор се одржа шеснаесеттата конференција COBISS, на која зедоа учество голем број библиотекари и информатичари од државите на југоисточна Европа, а посебно од државите на Западен Балкан.

Во Марибор како културен, универзитетски, современ туристички центар, сместен во подножјето на Похорје, дејствува Институтот за информациски науки - IZUM, кој и оваа година се покажа како одличен домаќин. Конгресниот центар во хотелот "Хабакук", каде што бевме сместени, оваа година беше речиси претесен за повеќе од 400 присутни гости на конференцијата, само од Македонија имаше 45 библиотекари од сите градови.

Конференцијата отворена на 28 ноември од г. Томаж Сељак оваа година беше насловена како “COBISS – *Поддршка на интеркултурниот дијалог*”. Овогодишната тема на конференцијата се надоврзува на одлуката на Европската комисија да ја прогласи 2008 година за “*Европска година на интеркултурен дијалог*”, а IZUM веќе две децении систематски го гради и го овозможува поврзувањето на библиотеките од регионот со користење на современа информациска и комуникациска технологија. Поврзувањето на библиотечни системи од регионот со големи културни разноликости и почитувањето на истите даде за право на оваа конференција да се проговори за мултикултурниот дијалог.

Целта на конференцијата и на предавачите беше да се претстават настојувањата во изградбата на интеркултурниот дијалог во различни средини. Меѓу другото и да се разоткрие интеркултурната широчина на COBISS и неговата примена во делот на Европа во кој без интеркултурен дијалог не е можна егзистенција.

Вториот ден (29 ноември) на конференцијата се одржаа четири тркалезни маси, на кои корисниците на системот COBISS разговараа на неколку теми:

- *Тркалезна маса А*:
Преземање на библиографски записи од различни културни средини

- *Тркалезна маса Б*:
Уважување на културните разлики на корисниците на библиотеките

- *Тркалезна маса Ц*:
Придонес на библиотеките за европскиот идентитет

- *Тркалезна маса Д*:
“Малцинските” библиотеки и збирките на странски јазици во функција на интеркултурниот дијалог

На четирите тркалезни маси претставници од нашата држава беа Павлина Митревска - Ѓуровска, Науме Ѓорѓиевски, Миодраг Дадасовиќ и директорот на Националната библиотека во Скопје - Миле Бошески. Дискутантите во своите реферати се осврнаа на различни аспекти на интеркултурноста во библиотеките. Значајно за нас беше обраќањето на г. Миле Бошески, кое беше на македонски јазик со иницијатива од следната година нашите излагачи да се обраќаат на мајчиниот јазик. Беше побарано од домаќините во иднина, на следните конференции, да има симултан превод и на македонски јазик.

Конференцијата беше завршена со панел на кој беше изнесена посебна програма за студии по информациски науки - библиотекарство на 2. болоњски степен - магистер, врз основа на спогодбата потпишана помеѓу IZUM и универзитетите во Задар, Скопје, Љубљана и Приштина.

Оваа спогодба беше потпишана на 19.06. 2007 година, се со цел да се надминат проблемите што се јавуваат поради недостаток на стручен кадар во државите во кои не постојат студии по библиотекарство, во кои за жал спаѓа и нашата држава.

Конкурсот е распишан за упис на 50 студенти од Македонија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Косово.

Услов е кандидатите да се вработени во библиотека или сродна установа и целокупните трошоци за школувањето ќе бидат финансирани од IZUM.

Оваа година беа одбележани и дваесет години од воведувањето на библиографскиот онлајн систем COBISS и беа доделени 23 признанија на поединци надвор од IZUM, кои дале значаен придонес за развојот на овој библиотечно-информациски систем. Признание за повеќегодишната соработка од Македонија доби Жаклина Ѓалевска од НУБ "Св. Климент Охридски" – Скопје.

УДК 929:023.4 (497.7)

## IN MEMORIAM

# КОСТАДИН РОМАНОВ

На 19 јануари 2008 година во Кочани на 59-годишна возраст ненадејно почина Костадин Романов, вработен во библиотеката "Искра" од Кочани.

Романов е роден во Кочани, каде што завршува основно и средно образование. Во 1974 година дипломира на Филозофскиот факултет во Скопје, отсек педагогија и психологија. Од 1978 година работи како управник на детското одморалиште "Понииква", а од 1988 година се вработува во библиотеката "Искра" во Кочани, каде што во два мандата е нејзин директор и се стекнува со звањето виш библиотекар. Како голем библиофил, беше во постојано истражување и потрага по нови сознанија од уметноста и историјата.

Костадин Романов беше активен и сесрдно се залагаше за развој и унапредување на библиотекарството во Македонија. Беше долгогодишен член на Библиотекарското друштво на Македонија и член на неговиот Извршен одбор, како и член на Претседателството на Заедницата на библиотеките на Македонија.

Романов е активен учесник во културниот живот во својот град. Се јавува како организатор и промотор на голем број настани и дела. Автор е на книгата ":Кочани во себе те носиме" (2002), а зад себе остави необјавени повеќе ракописи подготвени за печат, меѓу кои се наоѓа и трудот "Библиотекарството во Македонија".

За својата работа на полето на културата, добитник е на Златна плакета на општина Кочани.

**БИБЛИОТЕКАРСТВО**
Списание на
Библиотекарското
друштво на Македонија

***Издава***
БИБЛИОТЕКАРСКО
ДРУШТВО НА
МАКЕДОНИЈА

***За издавачот***
Сузана Котовчевска

***Издавачки совет***
Сузана Котовчевска
Кирил Ангелов
Владо Кочоски
Љубица Богојевска
Силвана Јакимова
Јелена Петроска
Снежана Голомеова

***Редакција***
Сузана Котовчевска
Кирил Ангелов
Силвана Јакимова

***Лектура и коректура***
Кирил Ангелов

***Техничко уредување***
Лилјана Стојановиќ

***Печати:***
Бомат Графикс

тираж: 200

***Адреса на редакцијата:***
Библиотекарско друштво на
Македонија
бул. Гоце Делчев бр.6 1000 Скопје
Република Македонија

www.bdm.org.mk